МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**КОМИСИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПОДЗЕМНИ ИНСТАЛАЦИИ**

Број:11- 5202/2
Датум: 29.06.2022
Скопје

ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Во врска со Вашето барање доставено до Општина Карпош за изведување на приклучок на фекална канализација за објект на ул."Фјодор Достоевски" бр.6б, Ве известуваме за следното:

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 28.06.2022 година изврши увид на лице место на ул."Фјодор Достоевски " бр.66 по барање на Пехчевски Горјан со седиште на ул."Даме Груев" 5-4/19 за изведба на приклучок на фекална канализација.

Постапувајќи по Вашето барање, од извршениот увид на лице место и врз основа на приложеното решение бр.31789 од 20.06.2022година за времен фекален приклучок издадено од ЈП Водовод и канализација, констатирано е дека постои технички услов за изведување на бараниот приклучок.

Фекалната и технолошките води од објектот се предвидува да се одводнат преку улична фекална канализациона мрежа со Ф400мм,со профил на фекален приклучок Ф200мм во должина од 7м(2м подлога од павер елементи и 5м попречен прекоп на асфалтна подлога) .

За горе наведениот приклучок по решението за времен приклучок предвиден е да се изведе ископот на ровот дел по подлога од павер елементи со должина од L=2м и дел со попречен прекоп на алфалтната подлога на ул."Фјодор Достоевски"со должина од L=5м.

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката бр.09-3199/8 од 20.04.2022 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за подлога од павер елементи да уплати износ од 283,00денари со вклучено ДДВ, за попречен прекоп на асфалтна подлога да уплати износ од 17.700,00 денари со вклучено ДДВ , вкупно да уплати износ од 17.983,00денари со вклучено ДДВ.

Инвеститорот се задолжува да обезбеди непречено и безбедно одвивање на сообраќајот и пешаците со сите потребни означувања,а прекопот да го врати во првобитна состојба.Подлогата по положување на цевките да се врати во подобрена првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот од асфалтна подлога да се транспортира до депонија,да се постави ситен песок околу цевките,останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви и завршно попречниот прекопот на улицата да се асфалтира со АБ 11 д=5см и и ископаниот материјал од ровот од подлога од павер елементи да се транспортира до депонија,да се постави ситен песок околу цевките, останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви, да се постави ситен песок и да се пререди бекатонот по целата широчина на тротоарот.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**КОМИСИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПОДЗЕМНИ ИНСТАЛАЦИИ**

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на новите приклучоци, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали истиот е квалитетно завршен.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Тома Мандилоски

Љубомир Тодевски